# Р Е Ц Е Н З И Ј А

## НА СКРИПТА СО НАСЛОВ „ТЕОРИЈА НА ЕКОНОМСКИ РАСТ: ОСНОВНИ МОДЕЛИ, КОНЦЕПТИ И ПРИСТАПИ“ ОД АСИСТЕНТ Д-Р ДАРКО ЛАЗАРОВ, ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ, УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП

Врз основа на одредбите од Статутот и Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип и Одлуката донесена на 77. редовна седница на Наставно-научниот совет на Економски факултет, одржана на 7.5.2014 год., избрана е Рецензентска комисија во состав:

– академик Гоце Петрески, професор на Економски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Штип и
– проф. д-р Круме Николоски – професор на Економски факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

Рецензентската комисија е формирана заради изготвување на извештај - рецензија на приложениот ракопис (скрипта) со наслов *„Теорија на економски раст: основни модели, концепти и пристапи“* од авторот асистент д-р Дарко Лазаров, наменета за студентите на прв и втор циклус студии на Економски факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

По прегледот на ракописот, Комисијата до Наставно-научниот совет на Економски факултет го поднесува следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

**Општи податоци за ракописот.** Учебното помагало - скрипта со наслов „Теорија на економски раст: основни модели, концепти и пристапи” од асс. д-р Дарко Лазаров, претставува труд од областа на економската теорија. Скриптата е наменета за студентите на прв циклус студии, и тоа: прва студиска година (прв семестар) на студиските програми: Банкарство, финансии и осигурување, Финансиски менаџмент, Менаџмент и претприемништво и Сметководство, финансии и ревизија, каде што предметот Основи на економија се јавува како задолжителен (со неделен фонд на часови 3+2+2). Оваа скрипта може да се користи како учебничко помагало по предметот Макроекономија, кој се јавува како изборен (2+1+1) на насоките Банкарство, финансии и осигурување и Финансиски менаџмент. Истиот може да го користат и студентите на втор циклус студии, на студиската програма МБА-менаџмент, Финансии и банкарство и Економија на Европска унија (3+2) кои го изучуваат предметот Напредна економија.

**Податоци за обем на ракописот.** Скриптата содржи 150 страници, систематизирани во предговор, вовед, четири поглавја, заклучни согледувања и библиографија. Трудот содржи голем број математички формули и равенки, графички и табеларни прикази. Трудот е пишуван во А4 формат, со нормален проред, употребен е фонт Times New Roman, големината на буквите е 12. Обемот на трудот и неговата содржина ги задоволуваат критериумите согласно со предвидениот бројна часови и одредбите од Правилникот за единствените основи за остварување на издавачката дејност на Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип.

**Податоци за постоење на сличен или ист наслов**. Трудот е креиран врз основа на потребата од создавање на учебно помагало – скрипта, кое ќе им овозможи на студентите стекнување на основни и напредни знаења од теоријата на растот како базична дисциплина на економската теорија. Научната фундираност и теоретска основа како база за градење на квалитетно знаење на студентите е главниот мотив и предизвик кој доминира во рамките на овој труд. Авторот на трудот се обидува на еден систематски начин да ги интегрира моделите на раст преку нивно математичко моделирање и дизајнирање на една корисна теоретската оперативна рамка за анализа на економскиот раст. Таквиот пристап му дава уникатност на трудот и го сместува во ретките истражувања во оваа област публикувани

во земјата. Од оваа причина сметаме дека материјалот обработен во скриптата се одликува со голема теоретска значајност, како за студентите, така и за сите останати субјекти кои имаат интерес во оваа проблематика.

**Краток опис на содржината на ракописот.** Содржински, трудот е конципиран во четири поглавја кои ги покриваат тематските единици предвидени со наставната програма. Во продолжение следи кратка презентација на одделните тематски единици.

Првото поглавје – **Неокласична теорија на раст** го елаборира моделот на Solow без технолошки прогрес и моделот на Solow со технолошки прогрес со цел да биде анализирана механиката на растот. Дополнително, во рамките на овој дел е модифициран класичниот моделот на Solow во услови на отворена економија, со цел да се анализираат ефектите од отворањето на капиталната сметка.

Второто поглавје – **Теорија на оптимален раст** подразбира модификација на моделот на Solow без технолошки прогрес и моделот на Solow со технолошки прогрес преку пристапот на оптимален раст. Главната идеја во моделирањето на оптималниот раст е да се анализираат факторите кои го детерминираат процесот на максимизација на користа т.е. богатството на домаќинствата.

Третото поглавје – **Нова теорија на раст** го ендогенизира технолошкиот прогрес, објаснувајќи ги силите кои го движат долгорочниот економски раст во рамките на моделот. Во ова поглавје се објаснети трите механизми преку кои се обезбедува ендоген долгорочен економски раст. *Првиот механизам* ја потенцира улогата на иновациите и креирањето на нови идеи како мотор на економскиот раст преку ендогено детерминиран технолошки прогрес (модел на Romer, модел на Aghion и Howitt, модел на Crossman и Helpman). *Вториот механизам* го овозможува растот преку акумулацијата на човечки капитал како ендогено детерминирана движечка сила на долгорочниот раст (модел на Lucas). *Третиот механизам на ендоген раст* се заснова на едноставно напуштање на една од стандардните претпоставки на неокласичната теорија на раст која се однесува на опаѓачкиот принос на капиталот.

Четвртото поглавје – **Пристап на дијагноза на раст и HRV модел на раст** се однесува на теоретскиот пристап на дијагноза на растот и HRV моделот на раст.

HRV моделот на раст се обидува да понуди еден генерален одговор на прашањето: „*Што го ограничува економскиот раст*?“ Одговорот на ова прашање треба да се бара во најмалку три фактори: 1) Ниската стапка на принос на инвестициите; 2) Неможноста и ограничувањата на економските субјекти во целост да уживаат во плодовите од успешно реализирање на сопствените бизнис активности и идеи и 3) високата цена на капиталот.

Според тематската насоченост, опфатот, теориската релевантност и методолошката комплексност, трудот спаѓа меѓу ретките истражувања и публикации на економскиот раст кај нас. Трудот е пишуван со јасен и разбирлив јазик и висок академски стил, а од горенаведените причини се препорачува да биде публикуван.

Согласно со горенаведените констатации, а врз основа на детално анализирање на содржината на ракописот, го давам следново

**М И С Л Е Њ Е**

Учебното помагало „**Теорија на економски раст: основни модели, концепти и пристапи**“ од асс. д-р Дарко Лазаров претставува сеопфатна целина на материјата поврзана со теоријата на растот како фундаментална дисциплина на економската наука и теорија. Концептуално и методолошки се сместени во рамките на новата теорија на раст, збир релевантни идеи и концепти кои ги маркираат доминантните теориски пробиви во централната струја од еволуцијата на теоријата на економскиот раст и пошироко, во целината на економската наука, во последниве децении.

Елаборацијата на новата теорија на раст преку трите механизми моделирани во рамките на трудот претставува обид на авторот да ги систематизира ендогените модели на раст што укажува дека тој сериозно и систематски пристапи во елаборација на теоријата на раст. Во тој контекст, трудот е релевантен, со премиса на оригиналност и практично применлив за студентите во проучување на клучните долгорочни економски процеси.

Изучување на оваа проблематика ќе им понуди на студентите да се стекнат со силни познавања на долгорочните економски процеси и ќе го подигне математичкото ниво потребно за разбирање на економските теории. Таквото знаење за студентите ќе биде применливо во изучувањето на останатите предметни дисциплини од економската наука, но уште повеќе, во градењето на понатамошна професионална кариера како економисти. Од оваа причина, препорачуваме скриптата да биде објавена.

Врз основа на изнесеното, имам особена чест на Наставно - научниот совет на Економски факултет да му предложам учебното помагало (скрипта) со наслов „Теорија на економски раст: основни модели, концепти и пристапи" од асс. д-р Дарко Лазаров да го одобри за издавање.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Круме Николоски, с.р.**